# САРДИЧ МЦ УЧЕСТВУВАШЕ ВО ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА ЗА ПОМОШ НА ДОМ ЗА ГРИЖА НА ДЕЦА




Донираната парична помош од страна на Сардич МЦ се однесува за набавка на неопходни ствари кои се потребни за опремување на новата зграда и просториите на Домот за грижа на децата со посебни потреби Бели Гулаби од Македонска Каменица за кои беше организирана хуманитарната акција во организација на Лајонс Клуб Центар Скопје.

При доделувањето на собраните финансиски средства од страна на Лајонс Клуб Центар Скопје, градоначалникот на општина Македонска Каменица и претставниците на Домот изразија благодарност за организираната добротворната донација до претставниците на Лајонс Клубот Центар Скопје и донаторите и истакнаа дека исклучително ја ценат ваквата хумана посветеност на донаторите.









